МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН СОБИР

***АНТИФАШИЗМОТ ПОМЕЃУ МЕМОРИЈАТА И ЗАБОРАВОТ***
***(ПО ПОВОД 80 ГОДИНИ ОД ПРВОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АСНОМ)***

Скопје, 13 – 15 ноември 2024 година

во организација на

**Институтот за национална историја, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“** и
**Македонската академија на науките и уметностите**

## ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО

Одбележувањето на значајните јубилеи е повод да се потсетиме на успесите и на победите, но и да ги нотираме загубите и поразите и да искажеме почит кон жртвите. Од овие причини, во 2024 година, кога се навршуваат 80 години од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, Институтот за национална историја и Македонската академија на науките и уметностите го организираат Меѓународниот научен собир *Антифашизмот помеѓу меморијата и заборавот (по повод 80 години од Првото заседание на АСНОМ).*

Во фокусот на Меѓународниот научен собир ќе бидат темите што се однесуваат на Првото заседание на АСНОМ, но и на победата извојувана во народноослободителната и антифашистичка војна. Секако, ќе бидат опфатени и други настани од 1944 година, како што се непријателската зимска офанзива во Мегленско, Февруарскиот поход, Пролетната офанзива, завршните операции за ослободување на Македонија, конституирањето на органите на народната власт и на важните државотворни институции. Покрај тоа, на научниот собир се очекува дека ќе бидат обработени и настани што се значајни за историјата

на светскиот антифашизам воопшто и дека ќе бидат изнесени согледувања за современиот третман на фашизмот и на антифашизмот од разни научни аспекти.

Денес, осум децении по одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, тешко можат да се изразат сите вредности на овој клучен историски настан со оглед на многустраноста, трајноста и универзалноста на одлуките што се донесени на Заседанието.

Оттука, Организациският одбор на Меѓународниот научен собир ги поканува истражувачите од различни научни дисциплини со своето учество да дадат придонес во одбележувањето на овој значаен историски настан.

## Тези за Собирот

- Антифашистички идеи, движења и практики
- Глобалниот антифашизам и различните национални и локални контексти
- Антифашистичките принципи и културната интерпретација
- Манифестации на антифашизмот
- Антифашизам, празници и споменици
- Антифашизмот и историската реинтерпретација
- Концепти, програми и проекти за државно конституирање на Македонија
- Државносни концепции на Македонците во 30-тите години од XX век
- Антифашистичкото движење во Македонија (1938 – 1941)
- Македонското националноослободително движење пред и за време на Втората светска војна
- Балканот, Југославија и Македонија во Втората светска војна
- Југославија помеѓу идејата за монархија и република
- Востанието и развојот на НОАВМ (1941 – 1945)
- Органите на народната власт во НОАВМ
- Од АВНОЈ до АСНОМ
- АВНОЈ и создавањето на Македонија како држава во Југословенската Федерација
- Личности учесници во НОАВ во Југославија и во Македонија
- Македонците во антифашистичката борба во Грција и во Бугарија
- Антифашизмот – македонската државна вертикала
- Антифашизмот како основа за идејата за балканска федерација
- Првото, Второто и Третото заседание на АСНОМ

- Македонскиот јазик до неговото официјално прогласување за службен во македонската држава на Првото заседание на АСНОМ
- Македонското национално прашање во Втората светска војна
- Македонското прашање во меѓународните односи во времето на одржување на Првото заседание на АСНОМ
- АСНОМ и организирањето на системот на власта (стопански, културно-просветни, здравствени, социјални, економски и др. политики)
- Одгласот на АСНОМ меѓу другите југословенски и балкански народи
- Човечките загуби, воените и материјалните штети на Балканот, во Југославија и во Македонија во Втората светска војна
- Судските процеси против припадниците на силите поразени во НОАВ во Југославија и во Македонија
- Париската мировна конференција, Балканот, Југославија и Македонија
- Обновата и изградбата на Македонија по Втората светска војна
- Државната политика и сеќавањата за НОАВ во Југославија и во Македонија
- Службата за државна безбедност и припадниците на поразените сили во НОАВ во Југославија и во Македонија
- НОАВМ и АСНОМ во историографијата и во наставата по историја
- НОАВМ во колективната меморија
- АСНОМ и историската меморија
- Традициите на АСНОМ кај македонската дијаспора
- НОАВМ и АСНОМ како инспирација во македонското уметничко творештво
- Историските и државните традиции на АСНОМ
- АСНОМ како темел за човековите права и слободи во Република Македонија
- Современата македонска држава – две етапи во процесот на нејзиното формирање и на нејзиниот развој: 1941/1991 – 1991/2024

**Пријавување**

Насловот и апстрактот (максимум до 300 збора) на излагањето треба да се доставаат до секретарот на научниот собир, проф. д-р Александар Симоновски, на адресата: a.simonovski84@yahoo.com

Во прилог на апстрактите треба да биде назначено името и презимето, афилијацијата и електронската адреса за контакт на авторот.

Рок за испраќање на апстрактите: **30 јуни 2024 г.**
Известување за прифаќање на пријавите: **15 јули 2024 г.**

Времето за презентирање на рефератите е ограничено на 10 минути.
Работни јазици: македонски и англиски.
Работата на Собирот ќе се одвива во хибридна форма (со физичко присуство и преку онлајн платформа).
Учеството на Собирот не се наплаќа.
Трошоците за патување и за престој се на товар на самите учесници.
Позитивно рецензираните реферати ќе бидат објавени во посебна публикација.

**Институт за национална историја,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје**
ул. Григор Прличев бр. 3
1000 Скопје
тел.: + 389 2 3115 831
е-адреса: kontakt@ini.edu.mk